Светски ден на фармацевтите

25 септември



# ФАРМАЦИЈА

## ДОВЕРЕТЕ НИ ГО ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ



### Зошто акцентот го ставаме токму на довербата?

Довербата е клучен дел од човечките односи и основен елемент на социјалниот капитал. Довербата е исто така од суштинско значење за здравствената грижа: има значајна корелација помеѓу довербата во здравствените работници и резултатот врз здравјето на пациентите. Во различни клинички оддели, пациентите изјавиле поголемо задоволство од лекувањето, покажале многу поволни здравствени резултати како и помаку симптоми и искусиле напредок во квалитетот на нивниот живот откако покажале повисока доверба во здравствените работници.

### Ние ја имаме вашата доверба!

Веќе со години, според национални истражувања, фармацевтите во континуитет се избирани меѓу петте најдоверливи здравствени работници. Исто така и едукаторите од областа на фармацијата се постојано во првите петмина. Најнови статистики покажуваат дека и научниците фармацевти се едни од најдоверливите луѓе во светот. Фармацевти, едукатори и научници? Тоа е нашата фармацевтска професија.



# Светски ден на фармацевтите

# 25 септември





## Зошто вашата доверба ни ја давате токму нам?

Има три клучни елементи потребни за доверба: позитивни односи, компетентност/вештина и доследност.

### 1 Позитивни односи

Нашиот искрен интерес кон пациентите и издвоеното време да ги сослушаме нивните потреби, како и нашите дополнителни напори за време на КОВИД-19 пандемијата, ни помогнаа да воспоставиме значителни конекции и да продожиме со градење на позитивни односи.

### 2 Компетентност / вештини

Ние завршуваме Магистерски студии проследено со шестмесечна пракса/стажирање. Откако завршува лиценцирањето, нам ни претстои доживотно надоградување на знаењата или пак дополнителна обука, сè со цел да станеме поспецијаизирани.

### 3 Доследност

Како најпристапни здравствени работници во многу делови од светот, со работни простории со подолго работно време од која било друга здравствена установа, ние и нашите аптеки овозможуваме доследно да ја покажеме нашата грижа и вештина.

Многу односи помеѓу пациентите и фармацевтите се основани како резултат на доверба стекната во подолг временски период. Јавноста верува во нашите совети. Сè повеќе и повеќе влади ни го доверуваат управувањето со вакцините и бараат од нас да обезбедиме дополнителни и проширени усуги, како на пример тестирање. Здравствениот систем ни доверува да најдеме решение за недостатокот на лекови и уште многу други предизвици во интерес на пациентите.

## Зошто ова е толку важно ?

Довербата е резервоар на добра волја за понатамошна соработка. Фармацијата има изградено значителни резерви преку посветената грижа и професионалноста. Пандемијата и изобилството на лажни вести создадоа огромна недоверба во општеството. Анкетите покажуваат дека недовербата е подеднакво зголемена кон општествените лидери, но и кон изворите на информации. Во време кога сомнежите во вакцините се реален предизвик, потребата од јавната доверба во овие мигови е поголема од кога било. Ние даваме совети поткрепени со најдобрите научни докази. Можеме да им се спротивставиме на анти-вакцерите и да ја искористиме довербата во полза на нашата заедница.

**Придружете ни се на 25 септември и покажете ја вашата благодарност и доверба во нашата професија. Заедно да ја изразиме важноста од напредокот на здравството во секој дел од светот!**